# МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА



Ludwig Boltzmann
Institute of Human Rights (BIM)

financed by
Austrian
Development Cooperation



# ПРИРАЧНИК

Сојуз на здруженија на граѓани
„Македонска платформа против сиромаштијата“ (МППС)

Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights (BIM)

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

*financed by*
Austrian
Development Cooperation

Јануари, 2011

## ИЗДАВАЧ
**Сојуз на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштијата“ (МППС)**

**Подготовката и печатењето на оваа публикација се финансиски поддржани од страна на Австриската соработка за развој (ADC)**

## ПОДГОТОВКА
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ, Скопје

## ПРОЕКТ
Човекови права и социјална инклузија во Македонија
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје
ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 1 А-1/4 1000 Скопје
тел.: +389 (0)2 3216 956
факс: +389 (0)2 3216 982

## ТИМ ЗА ПОДДРШКА НА БИМ-ФВ, СКОПЈЕ
Петранка Делова Миладинова – менаџер на проектот
Стојан Мишев – советник за човекови права
Нинослав Младеновиќ - советник за човекови права
Јагода Иљов – административен асистент

**Ставовите изразени овде и оние на авторите не ја изразуваат секогаш официјалната позиција на Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ (БИМ) и на Австриската соработка за развој (ADC)**

# СОДРЖИНА


Вовед **5**
Манифест на Македонската платформа против сиромаштија (МППС) **6**
Принципи и упатства за примена на пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП) **9**
Програма за работа на МППС (2010-2012) **23**
Статут на МППС **30**
Листа на членки на МППС **42**
За издавачите **46**
Користена литература **48**


# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**МППС** – Македонска платформа против сиромаштија
**БИМ–ФВ** – Институт за човекови права „Лудвиг Болцман„ - Истражувачка асоцијација
**АДЦ** – Австриска соработка за развој
**ЕАПН** – Европска мрежа против сиромаштија
**ПЗЧП** – Пристап заснован на човекови права
**НВО** – Невладина организација
**ГО** – Граѓанска организација
**МТСП** – Министерство за труд и социјална политика
**ЦСР** – Центар за социјална работа

# КАКО ШТО НАПРЕДУВА ОПШТЕСТВОТО, ТАКА РАСТЕ СТАПКАТА НА СИРОМАШТИЈАТА



## ВОВЕД

Оваа публикација е подготвена од страна на Институтот за човекови права„Лудвиг Болцман„, во рамките на проектот„Социјална инклузија и човекови права во Македонија„. Основна цел на проектот е инкорпорирање на пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП) во процесите на донесување на одлуки на национално и локално ниво. На национално ниво институтот го поддржа основањето на Македонската платформа против сиромаштија (МППС), додека на локално ниво обезбедува поддршка за подготовка на локални стратегии и оперативни планови за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во осум општини во Република Македонија.

Македонската платформа против сиромаштија е основана како мрежа на независни граѓански организации кои својот придонес на полето на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост го гледаат преку остварувањето на човековите права на различните ранливи групи кои тие ги застапуваат.

Публикацијата ги содржи основните документи за работа на МППС, како што се Манифестот на МППС, Принципите и насоките за примена на ПЗЧП во работата на МППС, Работна програма 2010-2012, како и основачкиот акт - Статутот на Македонската платформа против сиромаштија.

Се надеваме дека оваа публикација ќе биде корисна за постојните и идните членки на платформата, но и за секој кој сака да дознае повеќе за работата на МППС и за пристапот насочен кон луѓето како крајни корисници и активни чинители на полето на остварување на сопствените права.

# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“ (МППС)

## МАНИФЕСТ

**Сиромаштијата е најлоша форма на насилство - Махатма Ганди**

Сиромаштијата во сите нејзини форми претставува нарушување на човековите права. Луѓето кои немаат приходи и средства се чувствуваат исклучено од јавниот и од социјалниот живот. Сиромаштијата создава круг во кој се нарушуваат човековите права во поглед на животните услови и стандарди, а последиците се недоволни приходи, несоодветно образование, здравство, домување, отежнат пристап до јавните услуги, намалено учество во социјалниот и во политичкиот живот во општеството итн. Поточно, сиромаштијата ги исклучува и ги маргинализира нашите сограѓани и соседи. Сиромаштијата влијае на животните стандарди, достоинството и на добросостојбата кај луѓето. Сиромашните, исклучените и другите ранливи групи граѓани, посебно децата и жените, се најчести жртви на насилство од различен вид.

Нееднаквоста во светот е застрашувачка. Најмалку 80 % од човештвото живее со помалку од 10 долари на ден, 25.000 деца секојдневно умираат како последица на сиромаштијата, 12,3 милиони луѓе се жртви на присилна работа, 186 милиони луѓе се невработени и приближно една милијарда луѓе влегоа во 21 век неписмени. Македонија не е имуна на ваквите состојби. И таа ги отсликува светските трендови во поглед на сиромаштијата и социјалната исклученост. Според некои процени на ООН, околу 50 % од популацијата во Република Македонија живее во некаков вид сиромаштија. И додека стапката на сиромаштија е висока на целата територија на Република Македонија, некои социјални групи се несразмерно повеќе изложени на сиромаштија отколку други.

Сиромаштијата, исклученоста и дискриминацијата не претставуваат индивидуален проблем. Овие состојби влијаат на сите и врз секого од нас. Така, сиромаштијата и социјалната исклученост не подразбираат само економска зависност туку, воедно, претставуваат и грубо кршење на човековите права.

Согласно со горенаведеното, ние, членките на Сојузот на здруженија на граѓани„Македонска платформа против сиромаштијата", се здруживме во овој сојуз на доброволни, непартиски, невладини организации, неформални здруженија на граѓани, групи за самопомош, синдикати и поединци, со цел да ги здружиме нашите напори во насока на промовирање на социјалната еднаквост и правда, партиципативната демократија и граѓанската солидарност. Сите ние ја делиме визијата за Република Македонија како општество на благосостојба, остварена родова еднаквост и целосно воспоставен систем на демократско и одговорно владеење. За таа цел, нашата платформа ќе настојува да иницира јавни дебати поврзани со овие прашања и ќе се стреми да го зајакне граѓанскиот сектор кој влијае на овие полиња преку вмрежување со други европски и меѓународни сојузи и мрежи што делат исти или слични вредности. Воедно, нашиот сојуз ќе настојува да обезбеди одговорност и отчетност на надлежните јавни институции и владини органи во поглед на спроведувањето на преземените меѓународни обврски и одговорности.

Членството во Сојузот на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштијата" е отворено за сите оние што сакаат да придонесат за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, ја делат нашата мисија и визија и се гледаат себеси како двигател за промена. Затоа, ги повикуваме сите граѓански организации и заинтересирани поединци да ни се приклучат во нашите напори за адресирање на сиромаштијата, социјалната исклученост, дискриминацијата и кршењето на човековите права и основните слободи и на тој начин да ја зајакнат нашата платформа заради остварување на заеднички утврдените задачи и цели.


КОГА
СИРОМАШТИЈАТА
ТРОПА НА ВРАТА,
ЉУБОВТА
СКОКА
ОД ПРОЗОРЦИТЕ

# ПРИНЦИПИ И УПАТСТВА ЗА ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

РАБОТАТА НА МАКЕДОНСКАТА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА

Декември 2010

Пристапот заснован на човековите права – ПЗЧП и неговата примена во стратегиите за намалување на сиромаштијата, односно нивното поврзување со реализацијата на човековите права е основа за делување на Македонската платформа против сиромаштија – МППС.

**Првиот дел,** насловен ПЗЧП и намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, содржи податоци за поврзаноста помеѓу ПЗЧП и стратегиите за намалување на сиромаштијата преку презентација на партиципативниот пристап и пристапот заснован на можности.

Главните елементи на ПЗЧП во однос на намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост се претставени во **вториот дел** од овој документ.

**Третиот дел** дава осврт кон улогата на МППС при примената на ПЗЧП. Фокусот е ставен на активното учество на сиромашните и ранливите групи на граѓани, односно што е тоа што треба да го стори МППС во насока на нивно јакнење. Овој дел содржи и позитивни примери за директно вклучување на сиромашните граѓани во рамките на Кампањата за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост 2010, спроведена од страна на МППС.

На меѓународно ниво, во изминативе две децении постои очигледна тенденција за поврзување на стратегиите за намалување на сиромаштијата, односно на заложбите за развој со реализацијата на човековите права. Од аспект на развојот, значителни чекори кон поврзување на заложбите за намалување на сиромаштијата и оние за човекови права беа направени со појавата на таканаречените пристапи ориентирани кон луѓето: **партиципативниот пристап и пристапот заснован на можности,** кои „се разликуваат во теоретските гледишта, но делат заеднички интерес за луѓето и како корисници и како актери во развојот. Како партиципативниот, така и пристапот заснован на можности ги нагласува важноста на човечкиот фактор, она што сиромашните луѓе можат да го направат сами, и важноста на зајакнувањето - и како цел и како стратегија за намалување на сиромаштијата“ (Човековите права и националните стратегии за намалување на сиромаштијата, Сакико Фукуда - Парр 2007)

## ПЗЧП И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Прекршувањето на човековите права (како што се правото на храна, сместување, образование), дискриминацијата, немоќта да се влијае врз донесувањето одлуки се сите околности што придонесуваат за опстојување на сиромаштијата. Од друга страна, тоа значи негирање на правото на достоинствен живот декларирано во меѓународните правни норми. Сиромаштијата ја објаснуваме како сплет на меѓусебно поврзани лишувања, што не значи само недостаток на средства, туку и целокупната стигма, дискриминацијата, несигурноста и социјалната исклученост се нејзин составен дел. Пред сè, сиромаштијата е состојба на болест. Како и да е, напорите насочени кон подигање на степенот на почитување на човековите права, како што се правото на храна, образование, партиципација итн., можат да придонесат луѓето да излезат од сиромаштијата, што значи дека човековите права имаат суштинско место во напорите за елиминирање, односно намалување на сиромаштијата.

Следствено на горенаведеното, ПЗЧП има цел да осигура дека човековите права се појдовна основа во сите процеси на креирање политики и политички избори. Тоа значи дека таквите политики мора да обезбедат луѓето да имаат политички, институционални и материјални средства за да можат да ги бараат, да ги уживаат и мониторираат своите човекови права и активно да учествуваат во процесите на донесување одлуки. ПЗЧП се фокусира на оние што се соочуваат со дискриминација (врз основа на род, раса итн.) и на оние што се ранливи во однос на прекршувањето на човековите права (сиромашни, други маргинализирани групи во општеството итн.).

Не можеме да зборуваме за ефективна стратегија за намалување на сиромаштијата доколку таа не резултира со намалување на сиромаштијата кај оние што се соочуваат со овој феномен во својот секојдневен живот.„Широко е прифатено дека ефективна стратегија за намалување на сиромаштијата не е можна без јакнење на сиромашните“ [1]. Поради потенцијалот за јакнење на сиромашните, ПЗЧП ја користи меѓународната нормативна рамка како појдовна точка или основа за негова операционализација во стратегиите за намалување на сиромаштијата.

1. ПЗЧП кон стратегии за намалување на сиромаштијата, OHCHR 2002.

Кога зборуваме за човекови права, тогаш тие не се прашање на милосрдие, иако милосрдието како алатка често е поврзано со сиромаштијата. Кога зборуваме за човекови права, тогаш суштинско е барањето на правата и соодветните обврски кон тие права. Ова, исто така, е карактеристика на ПЗЧП. Ова е пристап што тежнее кон тоа да ги разграничи задоволувањето на потребите од остварувањето на правата.

Додека пристапите засновани на милосрдието и потребите ги гледаат луѓето како пасивни реципиенти на поддршката, пристапите засновани на правата ги гледаат луѓето како активни баратели на своите права наспроти носителите на обврски.

Додека пристапите засновани на милосрдието и потребите гледаат на луѓето како на жртви, пристапите засновани на правата го нагласуваат јакнењето на луѓето, со цел тие сами да ја земат судбината во свои раце и сами да одлучат што им е потребно.

Додека пристапите засновани на милосрдието и потребите гледаат на сиромашните луѓе како на некој кому му е потребна поддршка поради морална обврска, пристапите засновани на правата гледаат на луѓето како на субјекти кои имаат право на таквата поддршка.

Додека пристапите засновани на милосрдието и потребите сметаат дека владите имаат морална обврска, но не и обврска да им асистираат, пристапите засновани на правата тргнуваат од тоа дека државата е обврзана да обезбеди таква поддршка.

Додека задоволувањето на потребите зависи од политичката волја, остварувањето на правата е резултат на политички избор

.

Тоа е пристап што овозможува да се детектира сиромаштијата заедно со придружната маргинализација и ексклузија. ПЗЧП ги идентификува корените на сиромаштијата, ги идентификува маргинализираните и ранливите групи во општеството и ги идентификува носителите на права и носителите на обврски. Главна карактеристика на ПЗЧП е поврзувањето на носителите на обврски со соодветните носители на права. Друга карактеристика на пристапот што доаѓа до израз при неговата практична примена е тоа што ги јакне сиромашните и исклучените членови на општеството. Тоа е пристап што овозможува маргинализираните, ранливи и невидливи субјекти во општеството да бидат видени и слушнати.

## ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПЗЧП

Пристапот заснован на човековите права не претставува методологија сама по себе. Тоа е процес применет за подобрување на методолошките пристапи кои се веќе во употреба. Станува збор за процес кој гарантира дека приоритетите, мерките и активностите содржани во стратегиите и акционите планови ќе бидат утврдени врз основа на фактичката состојба и реалните потреби на луѓето. Процесот е особено фокусиран кон зајакнување на сиромашните и на ранливите луѓе, овозможувајќи им да ги изразат своите потреби и проблеми пред носителите на одлуки.

Главни елементи на Пристапот заснован на човековите права кон намалување на сиромаштијата се:

- Идентификување на сиромашните, нивните проблеми и на правата што им се загрозени;
- Препознавање на релевантната нормативна, национална и меѓународна рамка за човекови права;
- Почитување на принципите на човекови права (еднаквост и недискриминација, меѓусебна зависност и поврзаност на ЧП, прогресивна реализација на ЧП);
- Учество и зајакнување;
- Мониторинг и отчетност.

МППС ќе го примени Пристапот заснован на човековите права, утврдувајќи ги неговите главни елементи како основа за своето дејствување на полето на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

МППС во своето работење ќе ги промовира и ќе ги направи видливи основните принципи на ПЗЧП, како што се: **еднаквост и недискриминација, меѓузависност и поврзаност на човековите права, прогресивната реализација** и др. Понатаму, сите активности спроведени од МППС ќе бидат засновани на **вистинските потреби и проблеми** со кои се соочуваат сиромашните и ранливите, **ќе се повикува на меѓународната и домашната законска рамка за заштита на човековите права** и ќе го обезбеди д**иректното вклучување на сиромашните** групи граѓани во процесите на донесување одлуки.

**Чекор 1 - Идентификување на сиромашните и на ранливите (носители на права), нивните проблеми и на прекршените/нереализирани човекови права**

**а) идентификување на сиромашните и на ранливите**
Носител на право може да биде секој. Сепак, при овој пристап, кога зборуваме за носител на права, во преден план ги имаме ранливите, дискриминираните или на друг начин маргинализирани групи во општеството. Со посебно внимание треба да се провери дали во рамките на ранливите групи постојат одредени посебно ранливи подгрупи или дали одредена група е дискриминирана врз повеќе основи и со тоа е повеќе погодена од одреден проблем во однос на друга група или во однос на општата јавност. На пример, ако го земеме проблемот со осипување на учениците од основното образование, ранлива група би биле учениците/ученичките на возраст од 11 до 14 години. Ако направиме анализа на тоа дали одредена група е поранлива на овој проблем споредено со друга, тогаш ќе произлезе дека девојките се повеќе погодени од проблемот во споредба со момчињата, земајќи ја предвид практиката кога родителите одлучуваат момчето да продолжи со образованието, а девојчето е принудено да остане дома.

Значи, треба да утврдиме кои се носителите на права; кои права ги имаат; дали во рамките на ранливата група постојат одредени посебно ранливи или дискриминирани подгрупи; дали истите тие се припадници/припаднички на одредена етничка, родова, сексуална, јазична и друга група или нивната попреченост, политичка определба, економска ситуација ги прави ранливи итн.
Исто така, друго прашање што е од особено значење е тоа дали носителите на права имаат капацитет да ги бараат своите права; дали постојат воспоставени механизми што им стојат на располагање за заштита на нивните права и надомест на штета во случај на прекршување; што недостасува во системот на заштита?

**б) Идентификување на проблем**
Со цел да се добие јасна слика за економскиот, социјалниот, културолошкиот контекст на земјата, посебно во однос на човековите права, неопходно е спроведувањето примарна процена. Во оваа појдовна точка постои потребата да се види целокупната ситуација со човековите права во однос на одредено прашање. Сепак, треба да се остане фокусиран и да се утврдат приоритети уште во почетокот на процесот.

**Идентификување на носителите на права**
Кој е/кои се носители на правата?
Кој ги застапува носителите на правата?
Кои се најранливи и исклучени или заборавени?
Дали одредени групи се дискриминирани (законски или во практика)?
Што најмногу е погодено од дискриминацијата (меѓународните стандарди/принципи)?
Дали проблемот различно ги погодува мажите и жените?
Кои права се нарушени?

**Улогата на носителите на правата обично е наведена во националните и во меѓународните инструменти, политики и практики**
Какви овластувања имаат носителите на обврски?
Дали тие се запознаени со своите права?
Дали можат да ги реализираат своите права?
Дали знаат како да ги бараат своите права?
Кои се постојните механизми за отчетност и надомест на штета, односно кои механизми отсуствуваат?

**Недостаток на капацитети на носителите на права**
**Овде се фокусираме на причините поради кои носителите на права не се во можност да ги бараат своите права, односно кои се пречките што ги оневозможуваат во тоа.**

- Дали го разбираат проблемот?
- Дали имаат капацитети/ресурси (финансиски, вештини, технички и др.) да ги бараат своите права, вклучувајќи го и тоа дали имаат можност да дојдат до информации, да се организираат и вклучуваат, да се застапуваат промени во политиките, да бараат надомест на штета итн.
- Дали тие се организирани?
- Дали постојат одредени културни, традиционални, религиски и други практики што го оневозможуваат
- нивното вклучување?
- Дали постојат ризици за нив при реализирањето на нивната улога во процесот?

Во оваа фаза го идентификуваме најгорливиот проблем, нарушеното право, групата што е најпогодена од проблемот и кои се клучните актери. На пример, проблемот со семејното насилство врз жената во нашата држава ги нарушува правото на живот, психофизичкиот интегритет на личноста, слободата на движење итн. Ромките ги издвојуваме како посебно ранлива категорија. Откако ќе ги идентификуваме Ромките, следен чекор е да видиме дали постојат одредени подгрупи во рамките на оваа група посебно ранливи во однос на наведениот проблем, кои се посебно погодени од него. Во конкретниот случај тоа би биле: девојки кои влегуваат во договорени бракови, малолетни мајки, жени без образование или со незавршено основно образование итн.

При идентификацијата на проблемот, важно е да се знае на кое ниво се појавува тој. Проблемот може да се идентификува како:

- **Недостаток на формална реакција од страна на државата** (недостаток на правна регулатива за одреден проблем, на пример, отсуство на Законот за антидискриминација, како што беше до неодамна во нашата земја);
- Проблем идентификуван како **недостаток на имплементација** на постојните правни рамки (на пример, по усвојувањето на правните одредби за регулација на семејното насилство, професионалните структури на центрите за социјална работа и полицијата се соочија со тешкотии во нивното спроведување, како последица на недостаток на јасни механизми за имплементација, слаби капацитети, непостоење сензибилизација кон ова прашање итн.);
- Проблемот може да се појави на **ниво на личните убедувања на луѓето, ставови, култури,** кога дел од населението не ја прифаќа имплементацијата на одредени законски одредби што не се во согласност со нивните традиционални вредности (на пример, правото на глас на жените се спроведува од страна на сопрузите во албанските заедници, иако правото на глас е уставно право на секој поединец).

- Кои се главните проблеми? (на пример, ХИВ)
- Што се презема во однос на проблемите на национално ниво (што прават владата, граѓанскиот сектор, донаторите)?
- Дали постоеле одредени инциденти во однос на овој проблем?
- Кои човекови права се прекршени (здравство, образование, информација)?
- Кои се поврзаните права (право на работа, партиципација, правна заштита)?
- Кој е погоден од прекршувањето на овие права (мажи и жени, корисници на дрога, сексуални работници, деца–жртви на сексуална злоупотреба итн.)?
- Дали одредени индивидуи или групи се повеќе погодени во однос на други (корисници на дрога, осуденици, девојки)?
- Со кои проблеми се соочуваат?
- Дали ранливите и сиромашните се директно вклучени во идентификувањето на проблемот (недостаток на информации за превенирање, нема заштита од инфекции, насилство)?
- При анализа на проблемите со кои се соочуваат ранливите групи се земаат предвид прашањата на стигматизација, дискриминација, исклученост итн.
- Зошто се случува ова (на пример, стигматизација - ги спречува сексуалните работнички да направат ХИВ-тест, стереотипи и дискриминација – властите во казнено-поправните установи сметаат дека осудениците го заслужуваат тоа што им се случува)?
- Кои права сè уште се нереализирани?
- Кои мерки биле преземени?

## МЕЃУНАРОДНА И НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

Во согласност со определбата да се почитуваат и да се подобрат човековите права и слободи како основа за развој на демократијата во земјава, Република Македонија стана дел од голем број меѓународни конвенции за човекови права на Обединетите нации и на Советот на Европа, кој ги признава механизмите за контрола воспоставени со цел да се спроведуваат овие конвенции.

Во правниот систем на Република Македонија, прашањето на поврзаност меѓу националниот и меѓународниот закон претставува уставна и правна работа. Според членот 118 од Уставот, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот станаа дел од националниот правен поредок и не можат да бидат сменети со закон. На таков начин на хиерархиска поставеност на правните норми, меѓународните норми преовладуваат во однос на националните закони.

МППС треба да ја идентификува општата рамка за човекови права, односно кои се релевантните национални и меѓународни правни документи што се однесуваат на конкретното право/прашање. Покрај правно обврзувачките документи, како што се конвенцијата, пактот, протоколот, ќе биде корисно вклучувањето и на необврзувачките документи од типот на објаснувачки извештаи или генерални препораки, заклучни коментари во однос на одредено прашање, препораки, извештаи од државите, извештаи од специјалните известувачи за ситуацијата со човековите права. Значењето на овие документи (второнаведените) е дотолку поголемо, бидејќи тие содржат објаснување на стандардите за човекови права, кои е неопходно да бидат разбрани од страна на властите.

Други корисни документи се политичките документи, националните и локалните стратегии, постојната статистика во однос на сиромаштијата и други анализи и истражувања во врска со сиромаштијата, особено оние што содржат сегрегирани податоци врз основа на род, образование и сл.

Исто така, извештаите од „watch-dog„ организациите се добар извор на податоци, бидејќи тие обезбедуваат податоци во однос на имплементацијата на правата, односно даваат слика за фактичката состојба наспроти она што е законски пропишано.

Значително влијание во препознавањето, подобрувањето и заштитата на човековите права е извршено преку меѓународните документи од страна на меѓународната заедница. Меѓународните документи директно или индиректно влијаат врз креирањето на националниот правен систем на Република Македонија. Ратификацијата на меѓународните документи е составен дел од правото на Република Македонија. Индиректно влијание се врши и со препораките дадени од страна на меѓународните организации во кои членува и Република Македонија (ОН и нивните агенции, Советот на Европа).

**Обединети нации:**

- Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП), 1966
- Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП), 1966
- Меѓународна конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, 1965
- Меѓународна конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената, 1979
- Меѓународна конвенција против тортура и друго сурово, нехумано или деградирачко однесување и казнување
- Конвенција за правата на детето
- Меѓународна конвенција за заштита на правата на работниците-мигранти и членовите на нивните семејства
- Конвенција за правата на лицата со попреченост

**Совет на Европа**

Европска конвенција за човекови права и основни слободи, 1951

Европска социјална повелба

Во оваа фаза се прави споредба дали меѓународно гарантираните права се комплементарни со она што постои на национално ниво, односно да добиеме индикатор за тоа дали заштитата на правата е законски регулирана, дали постојните закони се спроведуваат во практика, дали постојат одредени правни дупки или пречки за непречена имплементација на законските решенија.

Извештаите во сенка на граѓанските организации ја рефлектираат усогласеноста на нашето законодавство со меѓународните документи и неговата имплементација. Овие извештаи, исто така, обезбедуваат податоци за фактичката состојба на различните ранливи групи. На пример, членот на МППС - Здружението ЕСЕ во 2005 година подготви Извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми дискриминација врз жените, обезбедувајќи детална анализа на правната и фактичката положба на жената во нашата држава.

Особено значајно е да се земат податоци чиј извор се самите ранливи групи (доколку постојат), на пример деца (со посебни проблеми, ХИВ-позитивни, сираци итн.), жени (рурални жени, девојки, припаднички на етничките малцинства, сексуални работнички итн.), хомосексуалци, осуденици, бегалци, бездомници итн. Овде во значителна мера МППС може да ги користи постојните податоци од своите членки кои обезбедуваат директни услуги за ранливите групи, како што се: центрите за правна помош (ЦПП) за жртви на семејно насилство, СОС-линиите, дневните центри за лица со посебни потреби итн.

Република Македонија во значителна мера ги задоволува меѓународно воспоставените стандарди за човекови права, кога станува збор за формално правното регулирање. Земајќи предвид дека проблемот главно е лоциран на нивото на имплементација на законските одредби што се веќе во сила, МППС ќе ги насочи своите напори и ќе бара имплементација на постојните закони, стратегии, акциони планови во областите: домување, образование, пазар на труд, здравствена заштита, социјална заштита, родова еднаквост и др.

**Национално законодавство на Р. Македонија**

- Устав на РМ
- Кривичен законик на РМ („Службен весник на РМ“ 37/1996);
- Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ 02/2006);
- Закон за судовите (Службен весник на РМ“ 58/2006);
- Закон за медијација („Службен весник на РМ“ 60/2006);
- Закон за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ 92/2009);
- Закон за полиција („Службен весник на РМ“ 114/2006);
- Закон за политички партии („Службен весник на РМ“ 76/2004);
- Закон за државни службеници („Службен весник на РМ“ 76/2010);
- Закон за прекршоци („Службен весник на РМ“ 62/2006);
- Закон за основно образование („Службен весник на РМ“ 103/2008);
- Закон за средно образование („Службен весник на РМ“ 52/2002);
- Закон за високо образование („Службен весник на РМ“ 35/2008);
- Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ 66/2006);
- Закон за работни односи („Службен весник на РМ“ 16/2010);
- Закон за вработување на лица со посебни потреби („Службен весник на РМ“ 87/2005);
- Закон за семејство („Службен весник на РМ“80/1992);
- Закон за социјална заштита („Службен весник на РМ“ 79/2009);
- Закон за здравствена заштита („Службен весник на РМ“ 17/1997);
- Закон за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ“ 82/2008);
- Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РМ“ 50/2010);
- Закон за ментално здравје („Службен весник на РМ“ 71/2006);
- Закон за домување („Службен весник на РМ 99/2009);
- Закон за слободен пристап до информации („Службен весник на РМ“ 13/2006);
- Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“ 7/2005);
- Закон за јавни собири („Службен весник на РМ“ 55/1995);
- Закон за здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на РМ“ 52/2010);
- Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 5/2002);
- Закон за странци („Службен весник на РМ“ 35/2006);
- Закон за азил и привремена заштита („Службен весник на РМ“ 19/2009) и др.

## ПРИНЦИПИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Неделивост, меѓузависност и меѓуповрзаност.** Човековите права се неделиви. Без разлика дали станува збор за граѓанските, политичките, економските, социјалните или културните права – сите тие се поврзани со достоинството на човековата личност. Во оценувањето на тоа дали овој принцип се почитува, треба да си го поставиме прашањето дали одредени права се преферираат или им се посветува повеќе внимание во споредба со другите.

Остварувањето на едно право зависи од остварувањето на другите права. Нарушувањето на едно право предизвикува прекршување на друго право. И обратно, заштитата, почитувањето и унапредувањето на едно право може да даде таков резултат кај другите права. Пример, остварувањето на правото на здравство може да зависи од реализацијата на правото на информација, храна, безбедна вода за пиење, санитетски услови, образование, приватност итн. Усогласеноста на принципите на неделивост и меѓузависност имплицира реализација на различни видови права истовремено[2] .

**Еднаквост и недискриминација.** Сите индивидуи се еднакви. Сите луѓе се носители на своите човекови права без каква било диксриминација, врз основа на раса, пол, род, возраст, јазик, религија, политички и други уверувања и мислења, национално или социјално потекло, попреченост, имотна состојба, здравствен статус, сексуална ориентација и друг статус (листата е инклузивна и отворена), како што е предвидено со меѓународните документи и интерпретирано од страна на телата кон овие документи. Унапредувањето на човековите права на жените и мажите врз основа на принципот на еднаквост е апсолутно барање.

2. Операционализирање на ПЗЧП кон намалување на сиромаштијата, Извештај, УНДП, 2007.

Принципите поврзани со генералниот концепт на човекови права се водечкиот мотор за реализација на човековите права и главни принципи на ПЗЧП исто така. Поконкретно, принците на универзалност, меѓусебна поврзаност и зависност на човековите права се составен дел на ПЗЧП. Другиот дел го сочинуваат принципите на еднаквост и недискриминација, партиципација, инклузија и отчетност. Од теоретска гледна точкао вие принципи ги покриваат сите страни од стандардите, разбирајќи ги стандардите како цели кои треба да се достигнат и процесот за нивна реализација. Овие принципи треба да бидат почитувани и присутни низ целокупната активност на МППС.

**Прогресивна реализација на човековите права**

Меѓународното право препознава дека реализацијата на човековите права е поврзана со постојните ресурси на државите-членки. Сепак, МППС мора да ги интензивира своите напори и да лобира кај државните власти за реализирање на човековите права на сиромашните и на ранливите што ги застапува.

**Одговорност и отчетност.** ПЗЧП дополнително го зајакнува принципот на отчетност преку јасната поделба и разграничување на носителите на права од носителите на обврски во однос на реализацијата на секое конкретно право. Државите и нивните институции, локалните и другите власти, заедниците и индивидуите (носителите на права и носителите на обврски) - сите се одговорни за реализацијата на човековите права.

Значајно да се напомене дека ПЗЧП не претставува само алатка за јакнење на капацитетите на носителите на права, туку и алатка за јакнење на капацитетите на носителите на обврски за да можат да одговорат на своите должности. Јакнењето на нивните капацитети ќе ја зголеми нивната отчетност, со оглед на тоа дека некогаш властите се соочуваат со недостаток на ресурси, некогаш со недостаток на способност за толкување на човековите права или примена на ПЗЧП.

## УЧЕСТВО И ЈАКНЕЊЕ

Иако наведена како принцип, партиципацијата се третира како право. Секој има право, дури и обврска, да учествува во донесувањето одлуки кои во иднина ќе влијаат врз неговиот општествен живот. Секое лице има право на активна, слободна и значајна партиципација во едно демократско општество. Секое лице има право да придонесе за остварувањето економски, културен и политички развој во кој ќе можат да се реализираат основните човекови слободи и права. Секое лице има право да одлучи што е важно за него и за заедницата и да влијае носителите на обврски да усвојат соодветни политики. Од особено значење е тоа што позитивните критики обезбедени преку партиципацијата водат кон постигнување подобри резултати.

Партиципацијата и инклузијата се особено значајни за јакнење на најранливите, маргинализираните, исклучените и невидливите субјекти во општеството. Луѓето кои немаат можност или способност да ги бараат своите права не се во можност ни да ја замислат промената. Причините за ова ги наоѓаме во прекршувањето на човековите права, како што се правото на пристап до информации, правото на здружување, образование, сиромашните услови за живеење итн. Јакнењето овозможува овие луѓе да бидат видени и слушнати.

**Зошто учеството е значајно**

- Учеството овозможува транспарентност на процесот.
- Учеството го зголемува нивото на отчетност кај носителите на обврски.
- Учеството го зголемува пристапот до информации.
- Учеството им овозможува на луѓето да се чувствуваат еднакво и вредно.
- Политиките и стратегиите ги одразуваат реалните потреби на луѓето.
- Доколку луѓето се вклучени во процесот и доколку се добро информирани, поверојатно е дека тие ќе ја одобрат и поддржат агендата на локалните или на централните власти.
-

Јакнењето ќе овозможи овие луѓе активно да учествуваат во донесувањето одлуки што влијаат врз нивните слободи и права, нивните животни услови. На таков начин тие ќе бидат вклучени и земени предвид во процесите на планирање и програмирање стратегии и политики, нивните ставови ќе бидат слушнати и вклучени во конечните одлуки и политики што се однесуваат на нивните животи. Партиципацијата, исто така, подразбира и нивно вклучување во процесот на имплементација и мониторинг. Од другата страна на процесот на јакнење се наоѓа отчетноста на носителите на обврски. Вклучувањето на секој релевантен актер и почитувањето на принципот на партиципација ќе ја зголемат транспарентноста на целиот процес и ќе придонесат за јакнење на отчетноста на носителите на обврски.

> Ако сакаме сиромашните да учествуваат во стратегиите за намалување на сиромаштијата, тогаш тие мора да се слободни да се организираат без пречки (право на асоцијација), да се среќаваат без заплашување (право на здружување) и да го кажат слободно своето мислење (слобода на изразување). Понатаму, мора да имаат познавање за релевантните факти (пристап до информација) и мора да уживаат некое елементарно ниво на економска сигурност и благосостојба (право на достоинствен животен стандард и други сродни права).
>
> **Принципи и упатства на ОН – ПЗЧП кон намалување на сиромаштијата**

## III ПЗЧП ВО РАБОТАТА НА МППС

МППС го промовира ПЗЧП во својата работа преку обезбедување активно учество на сиромашните и на ранливите, земајќи ги како основа релевантната законска рамка и принципите за човекови права, со цел да се влијае врз релевантните политики заради подобрување на животните услови на лицата што ги застапува мрежата. На ваков начин, во својата Програма за работа, покрај институционалното јакнење, МППС го утврдува токму влијанието врз националните политики како своја главна стратегиска определба.

За да се обезбеди ваквото влијание, МППС треба соодветно да ги идентификува сиромашните и ранливите (проблемите со кои се соочуваат и правата што им се загрозени); да се повика на постојната законска рамка и континуирано да врши мониторинг на ситуацијата со сиромаштијата и социјалната исклученост во нашата држава.

Разноликоста на членството на МППС кое застапува различни ранливи групи (жени, деца, стари лица, малцинства, лица со посебни потреби, Роми и др.) и неговата експертиза и кредибилитет ќе овозможат соодветно идентификување на ранливите групи. Следен чекор за МППС ќе биде да го обезбеди нивното учество (на сиромашните и на ранливите), односно да работи на нивно јакнење за да може да се реализира тоа.

**Како МППС може да ги зајакне сиромашните и ранливите?**

- Зголемување на пристапот до информации за нив;
- Воспоставување механизми преку кои тие ќе ги изразат своите потреби и проблеми;
- Директно вклучување во спроведувањето активности;
- Лобирање кај властите за нивниот глас да се слушне.

## ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА СИРОМАШНИТЕ И НА РАНЛИВИТЕ

Директниот контакт кој членките веќе го имаат воспоставено со ранливите групи што ги застапуваат треба да се искористи за оваа цел (жени, деца, стари, лица со посебни потреби, малцинства итн.). Неопходно е да се направи соодветно идентификување на главните ранливи групи и подгрупи, нивните потреби и проблеми и да се поврзе тоа со конкретно прекршување или нереализирање на човековите права.

На пример, во рамките на Кампањата за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост (2010 година), за време на реализирањето на локалните трибини со сиромашните и ранливите, МППС ги идентификуваше самохраните родители (мајки) како посебна ранлива категорија во однос на правото на социјална заштита. При организирањето на трибините се утврди идентификувањето на самохраните родители кои имаат деца со посебни потреби како специфична посебно ранлива подгрупа.

## АКТИВНА И ЗНАЧАЈНА ПАРТИЦИПАЦИЈА

МППС треба да ги зголеми своите напори во обезбедувањето партиципација на сиромашните и на ранливите во процесите на донесување одлуки. За да го постигне ова, неопходно е МППС да работи на нивно јакнење.

Земајќи предвид дека во Македонија генерално постои недостаток на информации во однос на постојната законска рамка и воспоставените системи за заштита на различни ранливи групи, прв чекор што треба да се направи е **зголемување на пристапот до информации.** Ова ќе биде суштинско за сиромашните и ранливите групи да можат да ги изразат своите проблеми и потреби. Исто така, од особено значење е и нивното **директно вклучување во активностите** на платформата.

Да се навратиме на претходниот пример со организирањето на локалните трибини како активност во која МППС го обезбеди директното вклучување на сиромашните и на ранливите групи. Имено, во почетокот на трибините фокусот беше ставен токму на пристапот до информации преку презентирање на работата што ја вршат МТСП, мандатот на ЦСР, локалните власти и граѓанскиот сектор. Во овој прв дел од трибината, на присутните им беа презентирани и податоци од истражувањето во

**Кампања 2010 – Секој трет во Македонија води крпен живот**
Трибини во Штип, Кичево и во Прилеп – позитивен пример за обезбедување учество на сиромашните и на ранливите

**Во првиот дел** од настанот беше промовиран **пристапот до информации,** со тоа што претставници од релевантните институции, како што се: локалната самоуправа, МТСП, ЦСР и граѓанските организации, ги информираа присутните за својата работа. МТСП ги презентираше стратегиските напори преземени на национално ниво. Ова овозможи сиромашните и ранливите групи да бидат информирани за своите права и постапките за нивна заштита.

**Вториот дел** содржеше дискусија меѓу претставниците на институциите и сиромашните и ранливите групи, кои беа прашани и поттикнати да го изразат своето мислење.

Прашањата што се дискутираа и идентификуваните проблеми беа преточени во документ кој беше доставен до МТСП за потребите на подготовката на Оперативниот план за имплементирање на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

однос на состојбата со социјалното вклучување на локално ниво. На ваков начин, претставниците на сиромашните и на ранливите групи првично беа информирани за своите права и за постапките за нивна заштита и потоа беа повикани да ги изразат своите проблеми и грижи.

## РЕЛЕВАНТНА ЗАКОНСКА РАМКА

Анализата на ситуацијата на ранливите групи треба да претставува основа за идни активности на МППС. Имено, можно е да биде потребно МППС да направи притисок врз властите за државните институции да ги спроведуваат законските одредби што се веќе во сила. Друга можност ќе биде промена на постојната законска рамка, односно нејзино унапредување.

На пример, податоците обезбедени од сиромашните и од ранливите за време на трибините, во форма на пишан документ преточени како препораки ќе бидат доставени до МТСП за да се земат предвид при подготовката на Оперативниот акционен план кон Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

## МОНИТОРИНГ И ОТЧЕТНОСТ

Континуираниот мониторинг на ситуацијата со сиромаштијата и социјалната исклученост ќе овозможи планирање следни чекори и, уште повеќе, ќе се овозможи државните власти да бидат одговорни за својата работа.

**Утврдувањето на индикатори** за оваа намена и **подготовката на годишен извештај** за сиромаштијата и за социјалната исклученост ќе овозможат МППС да развие конкретни заклучоци и препораки за подобрување на целокупната ситуација во нашата држава.

## СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“

## РАБОТНА ПРОГРАМА (2010 – 2012)

Сојузот на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштијата“ (МППС) претставува сојуз на околу 30 национални невладини организации (НВО). Овие НВО, вклучувајќи ја и Унијата на независни автономни синдикати на Македонија (УНАСМ), работат на различни полиња: човекови права, социјални прашања, недискриминација, здравје, жени и деца, сиромаштија и луѓе погодени од сиромаштијата, лица со пречки во физичкиот и во интелектуалниот развој, бегалци, внатрешнораселени лица, етнички заедници, сексуални малцинства и сл. Организациите се здружија за да ги истакнат проблемите со кои се соочуваат граѓаните и кои се од нивни заеднички интерес. Притоа, терминот граѓани во овој контекст не ги исклучува лицата кои немаат лични документи, странците и лицата без државјанство.

МППС настојува да ги афирмира и промовира политиките на ЕУ, како и политиките на РМ, насочени против сиромаштијата, социјалната исклученост и дискриминацијата. Основна цел на МППС е да се намалат сиромаштијата и проблемите поврзани со неа во РМ и пошироко, а преку промоција на социјалната правда, партиципативната демократија, заштитата на човековите права, еднаквоста, недискриминацијата и владеењето на правото.

МППС не е формирана за да ги замени своите составни делови, туку да ја унапреди, продлабочи и дополни работата на своите членки. Овој документ претставува работна програма на МППС за 2010–2012 година. Работната програма има цел да ги идентификува:

- Визијата, мисијата и целите на МППС;
- Структурата и организацијата на МППС;
- Приоритетните полиња на работа, целите, активностите предвидени за нивно исполнување и очекуваните резултати во периодот 2010–2012 година;
- Буџет и финансирање.


СЕТЕТЕ СЕ
НА СИРОМАШТИЈАТА-
НЕМА
ДА ВЕ ЧИНИ
НИШТО

## ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛИ НА МППС

**ВИЗИЈА**

Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

**МИСИЈА**

Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе во Република Македонија, Европа и пошироко.

**ЦЕЛИ**

- Намалување на сиромаштијата и елиминирање на социјалната исклученост.
- Развивање на културните, економските, социјалните и други општествени вредности.
- Развивање силна мрежа во борбата против сиромаштијата.
- Работа со сиромашни заедници и нивно зајакнување.
- Елиминирање на сите форми на дискриминација и промоција на еднаквост за сите.
- Унапредување на партиципативната демократија.
- Застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од областа на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права и недискриминацијата.
- Подигање на свеста за прашања поврзани со сиромаштијата.
- Создавање поповолна клима за економски развој.
- Вклучување на МППС во развиените мрежи за борба против сиромаштијата на регионално и на европско ниво.
- Вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливите и на дискриминираните заедници во сите процеси и нивоа на одлучување што ги засегаат.
- Зајакнување на капацитетите на членките на МППС.
- Спроведување истражувања и анализи на полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, (не) дискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.

## СТРУКТУРА НА МППС

1. **Собрание** како највисок орган на МППС составен од претставници на сите членки на МППС. Собранието ги поставува насоките за сите политики на МППС и ги усвојува годишните финансиски планови и извештаи.
2. **Претседател**, кој е задолжен за претставување и застапување на МППС во целокупниот правен промет со трети лица.
3. **Извршен одбор** е извршно тело на МППС составено од девет члена, кои имаат обврска да се состануваат најмалку четири пати годишно. Извршниот одбор ги спроведува заедничките политики и ставови утврдени од Собранието, одлучува за

стекнување и располагање со средствата на МППС и е одговорен за спроведување на сите проектни активности на МППС.

4. **Надзорен одбор** е тело одговорно за следење на наменското трошење на средствата и за увид во целокупното финансиско работење на МППС.
5. **Генерален секретар,** кој ги координира активностите на МППС наложени од страна на Извршниот одбор, ги извршува административно-техничките работи, учествува во подготовка на стратегиите, работните и финансиските планови на МППС, одржува контакти со членките на МППС и работните групи и комисии формирани во рамки на МППС, а по потреба ја претставува МППС каде што е неопходно. Генералниот секретар е платена позиција и за својата работа поднесува отчет пред Извршниот одбор.
6. **Работни групи**, кои се формирани во рамките на следниве приоритетни области на дејствување на МППС: човекови права и недискриминација, економски развој и социјална вклученост, образование, жени и родова еднаквост, деца и млади, Роми и други етнички малцинства, домување, здравство, стари лица, лица со посебни потреби, институционален развој. Работните групи претставуваат форуми за размена на знаења, мислења и ставови, како и форми на соработка меѓу членките на МППС за адресирање и решавање прашања од заеднички интерес. Основна цел на работните групи е да му се обезбеди експертска поддршка на Извршниот одбор во подготовката на предлог-проекти од заеднички интерес на членките на МППС. Работните групи имаат флексибилна структура и начин на дејствување, што дозволува формирање ад хок работни подгрупи за адресирање и решавање посебни прашања во рамките на горенаведените приоритетни области на дејстввање на МППС. Предвидено е работните групи да одржуваат редовни состаноци според однапред утврдена динамика, а по потреба да можат да комуницираат и по пат на електронска пошта или друг вид Интернет-комуникација. Секоја членка на МППС има еднакво право да номинира свои кандидати, а изборот ќе го врши Извршниот одбор во согласност со критериумите и постапката утврдена од страна на донаторот.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Моментно, Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“, преку Австриската развојна соработка, има обезбедено средства за финансирање на кампањата на МППС за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост (2010), како и парични средства за поддршка на позицијата генерален секретар на МППС за период од 18 месеци (2011–2012). Предвидено е МППС во иднина да обезбедува парични средства, неопходни за нејзино функционирање и остварување на зацртаните цели, преку подготовка и аплицирање на предлог-проекти, вклучително и обезбедување редовна институционална поддршка од Министерството за труд и социјална политика на РМ.

| ПРИОРИТЕТИ/АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРНОСТ | ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|---|
| **Приоритет бр. 1**<br>**Зајакнување на внатрешната структура и работните методи на МППС (институционален развој)** | | | |
| Организирање на работилници за човекови права, пристап заснован на човекови права, недискриминација, родова еднаквост, сиромаштија, статистика, стратешко планирање и промовирање на ставовите на ЕАПН | 2010 | БИМ-ФВ<br>ЕАПН | Подготвен статут,<br>програма на<br>делување и формално основана платформа |
| Воспоставување на правилник<br>за внатрешна комуникација<br>помеѓу членовите на платфромата | 2010 | Извршен одбор | Избрани органи и<br>работни тела на платформата<br><br>Основани работни групи со специфични тематски приоритети |
| Воспоставување на стратегија за односи со јавноста | 2010 | Извршен одбор | Усвоен правилник за внатрешна комуникација и стратегија за односи со јавноста |
| Одржување на редовни консултативни состаноци со МТСП и други релевантни институции | 2010-2012 | Претседател, Генерален секретар | Организиран настан за промоција на работата на МППС и отворен дијалог со надлежните јавни институции и владини органи |
| Одржување на редовни годишни состаноци со ЕАПН | 2010-2012 | Претседател, Генерален секретар | Организирана средба со претставници на ЕАПН |
| **Приоритет бр. 2**<br>**Влијание врз политиките** | | | |
| **Активности за подигање на јавната свест** | | | |
| Спроведување на кампања за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, со активно вклучување на ранливите социјални групи | 2010 | Извршен одбор (преку МППС членки) | Спроведена кампања за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост,<br>со активна вклученост на ранливте социјални групи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Утврдување на заеднички позиции и подготовка на соопштенија за јавноста | 2010 - 2012 | Извршен одбор<br>Претседател<br>Генерален секретар | Утврден најмалку еден заеднички став и изготвено најмалку едно соопштение за јавноста |
| Подготовка на независна интернет страница | 2010 | | Подготвена и пуштена во употреба независна интернет страница |
| Спроведување на мониторинг активности | 2010 - 2012 | Извршен одбор<br>(преку МППС членки) | Подготвен годишен извештај за состојбите со сиромаштијата во РМ |
| **Зголемување на пристапноста до пазарот на трудот за ранливите групи** | | Работна група составена од претставници на членките на МППС | |
| Истражување на потребите на пазарот на трудот | 2011 | | Спроведена проценка и анализа за потребите на пазарот на трудот |
| Идентификација на целни групи и подготовка на база на податоци | 2011 | | Подготвена база на податоци |
| Лобирање и застапување за приоритетни можности за вработување, преквалификација и доквалификација на идентификуваните ранливи групи | 2011 - 2012 | | Организирани работни средби со надлежните јавни институции, бизнис и НВО секторот (со цел постигнување договор за промени во законската рамка)<br><br>Воспоставена можност за приоритетни обуки на идентификуваните ранливи групи<br><br>Спроведена јавна кампања и организирана јавна трибина и/или медиумски настан со цел запознавање со можностите за вработување, преквалификација и доквалификација на идентификуваните ранливи групи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобрување на законската рамка од областа на социјалната заштита** | | Работна група составена од претставници на членките на МППС | |
| Подготовка на правна анализа на Законот за социјална заштита, Законот за семејство и Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РМ | 2011 | | Подготвена правна анализа со предлози за изменување и дополнување<br><br>Подготвено најмалку едно соопштение за јавноста и организирана најмалку една конференција за печат<br><br>Одржани средби со работни групи од надлежни министерства со цел промени во законската регулатива |
| Подготовка на предлози за измени и дополнувања на постоечките закони и подзаконски акти | 2012 | | |
| Обезбедување поддршка при изработката на локалните стратегии за развој | 2011 - 2012 | | Обезбедено учество на ранливите социјални групи во подготовката на локалните стратешки планови и документи |
| **Подобрување на можностите и условите за пристап на ранливите групи до образовните институции во РМ** | | Работна група составена од претставници на членките на МППС | |
| Лобирање за еднаков и транспарентен пристап до информации за сите ранливи групи | 2011 - 2012 | | Организирани работни средби со надлежните институции, како на национално така и на локално ниво<br><br>Постигнат договор за спроведување промени во законската регулатива |
| Подигање на свеста кај родителите, јавните институции и образовниот кадар | 2011 - 2012 | | Организирани јавни трибини и медиумски настани |
| Организирање на тематски работилници со фокус групи | 2011 - 2012 | | Организирани тематски работилници со фокус групи |
| Спроведување на истражувања и следење на состојбите во образованието | 2011/2012 | | Спроведено истражување и подготвен извештај за состојбите во образовниот сектор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Следење на јавните политики/ стратегии/програми во здравствениот сектор и застапување на потребите на идентификуваните ранливи групи за достапност до квалитетни и соодветни здравствени сервиси, грижа и третман** | | Работна група составена од претставници на членките на МППС | |
| Подготовка на мониторинг извештај за 2010 и негово објавување | 2011 | | Подготвен и објавен извештај |
| Анализа на потребите на идентификуваните ранливи групи | 2011 | | Подготвена анализа за потребите на идентификуваните ранливи групи |
| Лобирање за воведување соодветни решенија и механизми со цел унапредување на здравствената заштита и осигурување во РМ. | 2011 - 2012 | | Спроведени иницијативи за усогласување на здравствените политики/стратегии/програми со стандардите на ЕУ |
| **Лобирање за рамноправно и правично спроведување на владината политика за социјално домување и застапување на потребите на идентификуваните ранливи групи во сферата на домувањето** | | Работна група составена од претставници на членките на МППС | |
| Организирање на работни средби со надлежните институции и органи | 2011 - 2012 | | Остварени средби со претставници од сите надлежни институции во РМ |
| Следење и анализа на поделбата на социјалните станови во РМ | 2011 - 2012 | | Усогласени заеднички ставови и методологија на дејствување<br><br>Подготвена анализа и елаборирани предлози за промени |
| Подготовка и објавување на извештај | 2011 - 2012 | | Подготвен и објавен извештај |

# СТАТУТ

## НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“ (МППС)

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Сојузот на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштијата“ (МППС) е сојуз во кој на доброволна основа членуваат здруженија на граѓани и поединци, со цел да се намали сиромаштијата преку промоција на социјалната правда, партиципативната демократија, заштитата на човековите права, еднаквоста, недискриминацијата и владеењето на правото.

**член 2**

МППС дејствува на територијата на Република Македонија и своите права, должности и одговорности ги остварува согласно со Уставот, законите и статутот.

**член 3**

МППС е самостојна и независна во организирањето и остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со Статутот и програмата на дејствување.

**член 4**

МППС е посебно правно лице со сопствена жиро-сметка.

Овластени потписници на жиро-сметката се претседателот на МППС и генералниот секретар, а претседателот, со одлука на Извршниот одбор, може да овласти и друго лице кое ќе биде овластен потписник.

**член 5**

МППС е непрофитна, непартиска и невладина организација.

Ако во работењето на МППС се оствари добивка или останат вишок финансиски средства на крајот од годината, тие мора да бидат употребени исклучиво за поддржување и остварување на целите и активностите утврдени со Статутот.

**член 6**

Името на МППС гласи: Сојуз на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштијата“.

Скратената ознака е МППС.

Седиштето на МППС е во Скопје, на ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 1/2-17.

**член 7**
МППС има свој печат, штембил и лого.
Печатот е во кружна форма со пречник од 4 сантиметри со впишан текст во кружна форма, кој гласи:
Сојуз на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштијата“ (МППС).
Штембилот е во правоаголна форма со впишан текст:
Сојуз на здруженија на граѓани „Македонска платформа против сиромаштија“ (МППС)
Бр.---/----(деловоден број)
-----------(датум)
Скопје

Текстот содржан на печатот и штембилот е испишан на македонски јазик со неговото кирилско писмо.
Логото на МППС го избира Извршниот одбор по претходно спроведена постапка за прибирање повеќе идејни решенија.

**член 8**
Работата на МППС се одвива на македонски јазик.
По барање на одделни членови или претставници на здруженијата што се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, актите во внатрешната комуникација на МППС можат да се преведат на јазикот и писмото што ги користат тие заедници, согласно со законот.

**член 9**
Работата на МППС е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува преку:
- редовно известување на граѓаните за активноста на МППС;
- присуство на постојаните претставници на членовите, а по покана и на други надворешни лица на седниците на органите и телата на МППС;
- достапност на извештаите и на другите акти до членовите и други заинтересирани лица;
- претставување во средствата за јавно известување;
- соработка со други невладини организации, сојузи и здруженија, државни органи и институции;
- преку издавање печатен материјал, сопствена Интернет-страница и др.

**член 10**
МППС може да соработува, да се зачленува и да се поврзува со други меѓународни невладини организации, коалиции, сојузи, мрежи и слични здруженија.

## ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛИ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“

**член 11**
Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

**член 12**
Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе во Република Македонија, Европа и пошироко.

**член 13**
Целите на МППС се:

- Намалување на сиромаштијата и елиминирање на социјалната исклученост.
- Развивање на културните, економските, социјалните и други општествени вредности.
- Развивање силна мрежа во борбата против сиромаштијата.
- Работа со сиромашни заедници и нивно зајакнување.
- Елиминирање на сите форми на дискриминација и промоција на еднаквост за сите.
- Унапредување на партиципативната демократија.
- Застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од областа на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права и недискриминацијата.
- Подигање на свеста за прашања поврзани со сиромаштијата.
- Создавање поповолна клима за економски развој.
- Вклучување на МППС во развиените мрежи за борба против сиромаштијата, на регионално и на европско ниво.
- Вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливите и на дискриминираните заедници во сите процеси и нивоа на одлучување што ги засегаат нив.
- Зајакнување на капацитетите на членките на МППС.
- Спроведување истражувања и анализи на полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, (не) дискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.

## ЧЛЕНСТВО И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО ВО СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“

**член 14**

Член на МППС може да биде поединец, здружение на граѓани и секоја форма на граѓанско здружување што ги споделува целите и задачите на МППС.

За прием на нови членови во МППС одлучува мнозинството од присутните претставници на Собранието, по претходно поднесено писмено барање од заинтересираното лице и со најмалку две препораки од некоја од членките-основачи.

**член 15**

Секој член може доброволно да истапи од МППС.

Од МППС ќе бидат исклучени членовите кои: дејствуваат спротивно на одредбите од Статутот, не ги почитуваат или не ги извршуваат одлуките на органите и телата на МППС, не ги почитуваат основните принципи на работа и дејствување на МППС и не се придржуваат до програмата на дејствување, го нарушуваат угледот на МППС и/или на нејзин член и немаат платено членарина за последната година.

За исклучување од МППС одлучува Собранието со мнозинството од присутните претставници, по претходно поднесен предлог од страна на претседателот на МППС или на Извршниот одбор.

**член 16**

Членовите на МППС плаќаат членарина.

Висината и начинот на плаќање на членарината се утврдуваат со одлука на Извршниот одбор

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА

**член 17**

Членовите на МППС ги имаат следниве права и обврски:

- да бираат и да бидат бирани/да гласаат и да бидат гласани и да учествуваат во процесот на донесување одлуки на МППС;
- да предлагаат претставници во органите и телата на МППС и преку нив да учествуваат во нивната работа, да вршат надзор врз работењето и активностите на МППС и да придонесуваат за развојот и зајакнувањето на МППС;
- да поведуваат иницијативи и предлози заради остварување на целите и задачите на МППС;
- да се придржуваат кон одредбите од Статутот и актите на органите и телата на МППС;
- да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата на дејствување на МППС и на утврдените проекти;
- во рамките на своите можности да обезбедат услови за функционирање на МППС;
- други работи согласно со Статутот, актите на органите и телата на МППС и позитивните законски прописи.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА РАБОТА И ДЕЈСТВУВАЊЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“

**член 18**

Основни принципи врз кои се организирани работата и дејствувањето на МППС се:

- непристрасност и независност
- транспарентност
- законитост во работењето
- заемност и солидарност
- еднаквост и рамноправност.

**член 19**

Согласно со Националната класификација на дејности, претежна дејност на работење на МППС е 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

Предмет на работење на МППС е и следната дејност предвидена со Националната класификација на дејности: 58.19 – Други издавачки дејности.

## ОРГАНИ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“

**член 20**

Органи на МППС се:

- Претседател
- Собрание
- Извршен одбор
- Надзорен одбор

## СОБРАНИЕ

**член 21**

Собранието го сочинуваат претставници од сите членки на МППС.

Мандатот на претставниците трае 4 години.

**член 22**

Претставниците во Собранието на МППС:

- имаат право да присуствуваат на седниците на Собранието и на работните тела во кои се избрани;
- да бираат и да бидат избрани во органите и телата на МППС;
- да вршат надзор врз работата на другите органи на МППС;
- да се придржуваат кон одредбите од Статутот и програмата на дејствување на МППС;
- да ги застапуваат интересите и ставовите на здружението чии претставници се;
- да предлагаат решенија од заеднички интерес за МППС;
- да ги известуваат членовите на матичното здружение за работата на органите на МППС и за текот на реализацијата на нејзините цели и задачи;
- да земаат активно учество во остварувањето на целите и задачите на МППС;
- други права и обврски согласно со актите на органите и телата на МППС и позитивните законски прописи.

**член 23**

Седница на Собранието свикува претседателот на МППС најмалку двапати годишно.

Седницата на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор или на 1/3 од вкупниот број членови.

**член 24**

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните претставници, доколку за донесување одреден вид одлуки не е одлучено поинаку со акт на друго тело или орган на МППС.

На седниците на Собранието може да присуствуваат и други здруженија и поединци без право на глас.

Собранието во вонредни ситуации може да одлучува и преку електронска пошта или друг вид мрежна комуникација.

**член 25**

Собранието по правило ги донесува одлуките по пат на јавно гласање, освен ако со мнозинство гласови од присутните не се одлучи гласањето да се спроведе тајно.

Секоја членка има право на еден глас.

**член 26**

Собранието на МППС ги има следниве надлежности:

- донесува статут и други акти на МППС и одлучува за нивна промена;
- разгледува и усвојува стратегија на МППС, годишни извештаи, насоки, упатства, годишни програми и планови за работа;
- одлучува за основање и укинување на разграноци и други форми на организирање на МППС;

- разгледува и усвојува финансиски планови и извештаи;
- расправа за постигнатите резултати и за дејствувањето на МППС и ја утврдува фактичката состојба;
- одлучува за зачленување во сојузи и меѓународни невладини организации;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членство во МППС;
- избира органи на МППС;
- одлучува за престанок на МППС;
- врши други работи во согласност со законот, Статутот и општите акти на МППС.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ

**член 27**

Собранието избира претседател на МППС.
Претседателот има мандат од 2 години со право на повторен избор.
Во случај на отсуство на претседателот или негова спреченост, обврските ги презема член на Извршниот одбор именуван од Собранието.

**член 28**

Кандидат за претседател може да предложи секој од членовите на Собранието на МППС.
За избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број присутни претставници на Собранието.

**член 29**

Претседателот на МППС ги има следниве права и обврски:
- свикува и подготвува седници на Собранието;
- ја претставува и застапува МППС во правниот промет со трети лица;
- ги потпишува и се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на Собранието;
- заедно со генералниот секретар е овластен потписник на жиро-сметката на МППС;
- раководи со седниците на Извршниот одбор;
- обезбедува поддршка во работата и активностите на Собранието, Извршниот одбор и другите тела и органи на МППС;
- поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на МППС.

**член 30**

Функцијата претседател на МППС престанува:
- по сопствено барање и
- по предлог на Извршниот одбор или барање на кој било од членовите на Собранието на МППС.

**член 31**
Предлогот за разрешување на претседателот мора да биде детално образложен и да ги содржи причините врз основа на кои се бара разрешување.
Претседателот се разрешува со одлука на мнозинство од присутните членови на Собранието, по претходно спроведена исцрпна дискусија во однос на образложението и причините наведени во предлогот за разрешување.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

**член 32**
Извршниот одбор е извршен орган на Собранието составен од девет члена. Членовите на Извршниот одбор се лица номинирани од страна на која било членка на Собранието на МППС.
Членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието на МППС со мнозинство гласови од вкупниот број присутни претставници. Мандатот на членовите е 4 години, со право на повторен избор.

**член 33**
Седниците на Извршниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку четири пати годишно.
Со седниците на Извршниот одбор раководи претседателот на МППС.
На седниците на Извршниот одбор можат да присуствуваат и претставници на донаторите и други лица кои немаат право на глас.

**член 34**
Извршниот одбор може полноважно да работи и да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.
Извршниот одбор ги донесува своите одлуки јавно со мнозинство од присутните членови. Секој член на Извршниот одбор има право на еден глас.
Извршниот одбор води записник за својата работа, кој се усвојува на наредната седница со мнозинство гласови од вкупниот број присутни претставници.

**член 35**
Извршниот одбор ги врши следниве работи:
- учествува во подготовката и одобрува проекти во интерес на членките на МППС;
- донесува одлука за стекнување, располагање и користење на средствата на МППС;
- подготвува и предлага годишен финансиски план за приходите и расходите на МППС;
- предлага и избира други помошни извршни тела и работни комисии;

- подготвува стратегиски план, програма за работа и други акти по барање на Собранието на МППС;
- свикува (вонредни) седници на Собранието;
- предлага вклучување и исклучување од членство во МППС;
- предлага разрешување на претседателот на МППС;
- ги утврдува висината и начинот на плаќање на членарината и води евиденција за ажурноста на членките на МППС во плаќањето членарина;
- воспоставува соработка со јавните институции;
- поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на МППС.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**член 36**

Надзорниот одбор е составен од пет члена избрани од Собранието на МППС со мандат од 4 години и ги врши следниве работи:

- увид во финансиското работење на МППС;
- анализа и контрола врз финансиските извештаи на работните тела и органи на МППС;
- контрола врз наменското користење и располагање со средствата на МППС;
- укажува на неправилности со кои í се причинува материјална штета на МППС.
- дава предлози и препораки до Собранието за предвремено разрешување на членови на Извршниот одбор и вработени лица во МППС поради несоодветно, незаконско и работење спротивно на Статутот.
- поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на МППС.

**СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА“S**

**член 37**

За остварување на своите цели и задачи, МППС стекнува средства и располага со нив во согласност со Статутот и законот.

**член 38**

МППС стекнува парични средства, предмети и права (согласно со претходно изработен деловен план) што се обезбедуваат од:членарина;

- членарина;
- донации;
- доброволни прилози;
- подароци;

- организирани профитабилни активности за прибирање средства;
- средства од буџетот на Р. Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетот на Град Скопје;
- други извори.

**член 39**
Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на МППС се врши на начин утврден со законот и со Статутот.

**член 40**
За стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на МППС одлучува Извршниот одбор согласно со надлежностите утврдени со Статутот.

## КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА"

**член 41**
Контрола врз целокупното работење на МППС врши Собранието.
Контрола врз финансиското работење на МППС врши Надзорниот одбор.
Контрола врз законитоста на работењето на МППС вршат надлежните органи и служби на Република Македонија.

**член 42**
Иницијатива за неправилност во работењето и активностите на МППС може да достави секој член пред надлежните органи на МППС, согласно со делокругот на надлежности на тие органи утврдени со статут и закон.
Надлежниот орган до кој е доставена иницијативата е должен писмено да се произнесе во разумен рок.

## ПРЕСТАНОК НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА"

**член 43**
МППС престанува да постои:
- ако е донесена одлука на Собранието на МППС со мнозинство од присутните членови;
- ако бројот на членовите на МППС се намали под законски определениот минимум;
- со одлука на надлежниот суд;
- во други случаи определени со закон.

**член 44**
Во случај на престанок на МППС, имотот и средствата што остануваат по намирувањето на обврските спрема доверителите се распределуваат согласно со законот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 45**
Толкување на одредбите на овој статут дава Собранието на МППС, а меѓу две негови седници - Извршниот одбор.

**член 46**
Статутот стапува во сила на денот на неговото усвојување од страна на Основачкото собрание на МППС


СИРОМАШТИЈАТА ОДЛУЧУВА ДАЛИ ЕДНО ДЕТЕ МОРА ДА УМРЕ ЗА НИЕ ДА ЖИВЕЕМЕ КАКО ШТО САКАМЕ

# ЛИСТА
# НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
# ЧЛЕНКИ НА МППС

| | Здружение на граѓани | Место | Приоритетно поле на работа |
|---|---|---|---|
| 1 | Асоцијација за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А. www.hera.org.mk<br>**Претставник** Мила Царовска (mila.carovska@hera.org.mk ; +389 078 332 305) | Скопје | Здравствена заштита |
| 2 | Асоцијацијација за демократски иницијативи АДИ www.adi.org.mk<br>**Претставник** Ивана Влаховиќ (ivana@adi.org.mk) | Гостивар | Човекови права |
| 3 | Центар за меѓународна соработка, развој и имплементација„Чекор плус“<br>**Претставник** Коста Галимановски (galimanoski@yahoo.com ; +389 070 827 627) | Кичево | Економски развој |
| 4 | Здружение на граѓани„Никулец“<br>**Претставник** Дарко Петровиќ (darkopetrovik@yahoo.com ; +389 070 891 446) | Неготино | Образование |
| 5 | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија – ЕСЕ www.esem.org.mk<br>**Претставник** Анета Петрушевска (humanrights@esem.org.mk ; +389 070 436 925) | Скопје | Жени и родова еднаквост |
| 6 | СОС Детско село www.sos.org.mk<br>**Претставник** Марио Јанчев (jancev@sos.org.mk ; +389 071 373 618) | Скопје | Деца и млади |
| 7 | Здружение за унапредување на условите за грижа и сместување на стари и изнемоштени лица „Хуманост“ www.humanost.org.mk<br>**Претставник** Јана Поповска (jana_popovska@yahoo.com ; +389 071 322 842) | Скопје | Стари лица |
| 8 | Иницијатива за социјална промена - Инсок www.insoc.org.mk<br>**Претставник** Самет Скендери (samet.skenderi@insoc.org.mk ; +389 078 223 710) | Скопје | Роми |
| 9 | Здружение на дефектолози и стручни соработници - Подај рака www.podajraka.org.mk<br>**Претставник** Мери Стојкова (meristojkova@yahoo.com ; +389 070 696 223) | Скопје | Лица со посебни потреби |
| 10 | Здружени на граѓани„Форум за безбедност“ http://mfb.blog.mk/<br>**Претставник** Марија Златева (zlateva.marija@yahoo.com ; +389 077 655 794) | Скопје | Сигурност и безбедност во заедниците |
| 11 | Организација на жени на град Скопје<br>**Претставник** Марјонка Петровска (marpetrovska@yahoo.com ; +389 070 852 244) | Скопје | Жени и родова еднаквост |
| 12 | Здружени на граѓани„Полио минус“<br>**Претставник** Зорица Талеска (zorica.talevska@yahoo.com ; +389 075 577 892) | Скопје | Лица со посебни потреби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Здружение за борба против малигни заболувања - Нов живот<br>**Претставник** Лидија Василевска (novzivot@hotmail.com ; +389 078 479 068) | Штип | Жени и родова еднаквост |
| 14 | Национален совет за родова рамноправност – СОЖМ www.sozm.org.mk<br>**Претставник** Благородна Шопова (sozm@mt.net.mk ; +389 070 315 364) | Скопје | Жени и родова еднаквост |
| 15 | Здружение за помош на социјално исклучени лица и ризични групи „Скорпион"<br>**Претставник** Rubin Arizankoski (rarizankoski@gmail.com ; +389 077 535 834) | Прилеп | Социјална инклузија |
| 16 | Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ www.isie.org.mk<br>**Претставник** Јулија Брсакоска (julijab@yahoo.com+389 070 575 087) | Скопје | Деца и млади |
| 17 | Здружение за хуманитарни активности „Синергија" www.sinergija.mk<br>**Претставник** Стојче Ташков (sinergia_mkd@yahoo.com ; +389 071 270 970) | Штип | Хуманитарни активности |
| 18 | Македонско - турско здружение „Мустафа Кемал Ататурк"<br>**Претставник** Шенол Мемиш (senol_memis@yahoo.com ; +389 075 816 594) | Битола | Хуманитарни активности |
| 19 | Здружение на граѓани „Светла ѕвезда"<br>**Претставник** Данче Сотироска (sotiroska_dance@yahoo.com ; +389 070 824 612) | Крушево | Хуманитарни активности |
| 20 | Асоцијација за здравствена едукација, превенција и подобар третман ХЕПТА www.nvohepta.mk<br>**Претставник** Билјана Мирческа (biljana.mirceska@gmail.com ; +389 070 600 484) | Скопје | Здравствена заштита |
| 21 | Граѓанско здружение на лица болни од хемофилија на РМ „Хемолог"<br>**Претставник** Цветанка Јосифовска (josifovskacvetanka@gmail.com ; +389 071 243 264) | Битола | Здравствена заштита |
| 22 | Здружени на граѓани „Синтезис"<br>**Претставник** Даница Младеновска (ddikoti@yahoo.com ; +389 078 517 736) | Скопје | Хуманитарни активности |
| 23 | Организација на жени на општина Свети Николе www.womsvetinikole.org.mk<br>**Претставник** Александра Коцевска (wom_org@yahoo.com ; +389 071 389 975) | Свети Николе | Жени и родова еднаквост |
| 24 | Здружение на граѓани „Сумнал" www.sumnal.org<br>**Претставник** Елена Нешовска (elena_nesovska@yahoo.com ; +389 072 603 341) | Скопје | Образование |
| 25 | Асоцијација за одржлив рурален и регионален развој „Бела Виста"<br>**Претставник** Сашо Матовски (belavista.macedonia@yahoo.com ; +389 070 581 277) | Тетово | Рурален развој |
| 26 | Фондација за локален економски развој и информатичката технологија – ЛЕР-ИТ<br>**Претставник** Лазар Соколовски (ler_it@yahoo.com) | Штип | Економски развој |
| 27 | Сојуз на Балкански Египќани www.ubaeg.org<br>**Претставник** Верица Џијановска (vericadzijanovska@yahoo.com ; +389 071 325 672) | Скопје | Заштита на малцински етнички групи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28 | Асоцијација за унапредување на статусот на жената во современите општествени процеси "Женска Акција" www.zenskaakcija.org.mk<br>**Претставник** Драгица Милошевска (wactionmk@yahoo.com ; +389 070 590 014) | Скопје | Жени и родова еднаквост |
| 29 | Здружение на граѓани Роми „Авена"<br>**Претставник** Драганчо Георгиев (avenakocani@yahoo.com +389 071 560 547) | Кочани | Роми |
| 30 | Унија на независни автономни синдикати - УНАСМ www.unasm.org.mk<br>**Претставник** Дивна Змејковска (divnaz@yahoo.com ; +389 070 727 467) | Скопје | Синдикат |
| 31 | Кризен центар Надеж www.krizencentar.org.mk<br>**Претставник** Емилија Гиевска (info@krizencentar.org.mk) | Скопје | Борба против семејно насилство |
| 32 | Здружение на социјални работници http://zsr-skopje.mk<br>**Претставник** Владимир Илиевски (zsr_skopje@yahoo.com +389 078 371 053) | Скопје | Професионално здружение |
| 33 | Македонско научно здружение за аутизам www.mssa.org.mk<br>**Претставник** Розалија Давитковска (rozaly23_d@yahoo.com) | Скопје | Лица со посебни потреби |
| 34 | Движење против хендикеп - Полио плус www.polioplus.org.mk<br>**Претставник** Елена Кочоска (elena@polioplus.org.mk ; +389 070 346 496) | Скопје | Лица со посебни потреби |
| 35 | Здружение на граѓани „Акција Здруженска" www.zdruzenska.org.mk<br>**Претставник** Боби Бадаревски (badarevski@gmail.com : +389 071 442 169) | Скопје | Жени и родова еднаквост |
| 36 | Ромски ресурсен центар http://blog.rrc.org.mk/<br>**Претставник** Ерсеј Демировски (ersej.demirovski@rrc.org.mk ; +389 071 253 649) | Скопје | Роми |
| 37 | Здружение за права на детето<br>**Претставник** Владимир Ортаковски (ortak@sonet.com.mk ; +389 070 255 997) | Скопје | Деца и млади |
| 38 | Здружение на корисници на старосна и семејна пензија „Солидарност – Аеродром" Скопје<br>**Претставник** Илија Глигоров (ilijag52@yahoo.com ; +389 070-648-064) | Скопје | Стари лица |
| 39 | Здружение на граѓани „Детска надеж"<br>**Претставник** Орхан Асан (orhan.oki.aerodrom@hotmail.com ; +389 078 614 146) | Скопје | Деца и млади |
| 40 | Регионална Ромска Мрежа од Североисточна и Источна Македонија „Интелект"<br>**Претставник** Џулиета Мемедова (julietamemedova@hotmail.com : +389 070 481 394) | Делчево | Роми |
| 41 | Здружение на граѓани „Артизанати"<br>**Претставник** Гиљман Османи – Муслију (gilmane_osmani@hotmail.com ; +389 072/696-600) | Студеничани | Жени и родова еднаквост |
| 42 | Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце" www.sonce.org.mk<br>Претставник Ферди Исмаили (f.ismaili@sonce.org.mk ; +389 070 682 112) | Тетово | Роми |


СИРОМАШТИЈАТА
Е НАЈЛОШАТА
ФОРМА
НА НАСИЛСТВО

# ЗА ИЗДАВАЧИТЕ

**За Македонската платформа против сиромаштија**

**www.mpps.org.mk**

Македонската платформа против сиромаштија (МППС) претставува сојуз на 42 национални невладини организации (НВО). Овие организации формираа сојуз со цел здружено да ја промовираат социјалната еднаквост и правда, партиципативната демократија и граѓанската солидарност. Сите тие ја делат визијата за Република Македонија како општество на благосостојба, остварена родова еднаквост и целосно воспоставен систем на демократско и одговорно владеење.

Основна цел на МППС е намалување на сиромаштијата и проблемите директно поврзани со неа во РМ и пошироко, а преку промоција на социјалната правда, партиципативната демократија, заштита на човековите права, еднаквост, недискриминација и владеење на правото.

Пристапот заснован на човекови права кој промовира недискриминација, партиципација, транспарентност и одговорност или отчетност, ќе биде основа за сите активности кои ќе ги презема оваа платформа.
МППС верува дека сиромаштијата, исклученоста и дискримацијата не претставуваат индивидуален проблем. Овие состојби влијаат на сите и врз секој од нас. Така, сиромаштијата и социјалната исклученост не подразбираат само економска зависност, туку воедно претставуваат и грубо кршење на човековите права.

Платформата ќе иницира вмрежување со други европски и меѓународни сојузи и мрежи кои ги делат истите или слични вредности. Воедно, платформата ќе настојува да обезбеди одговорност и отчетност на надлежните јавни институции и владини органи во поглед на спроведувањето на преземените меѓународни обврски и одговорности. Афирмацијата и промоцијата на политиките на ЕУ, како и политиките на РМ, насочени  против сиромаштијата, социјалната исклученост и дискриминацијата се неделив дел од целите за кои се залага МППС.

Процесот на основање на Македонската платформа против сиромаштија е инициран и поддржан од страна на Институтот за човекови права  “Лудвиг Болцман” , а финансиран од страна на Австриската соработка за развој (ADC).

**За Институтот за човкови права "Лудвиг Болцман" (БИМ)**
**http://bim.lbg.ac.at/**

Институтот за човекови права "Лудвиг Болцман" (БИМ) Виена е основан во 1992 година како независен истржувачки центар и цели кон подобрување на научниот дискурс за човековите права на национално, европско и глобално ниво.
Човековите права претставуваат единствен универзален признаен систем на вредности на современото општество и претставуваат суштински елемент на демократијата. Би сакале да придонесеме во зајакнувањето на човековите права и да ги подобриме животните услови на луѓето кои се дискриминирани и маргинализирани.
Ние се гледаме себеси како дел од научната заедница преземајќи ја улогата на врска помеѓу државата, бизнис секторот, медиумите и граѓанското општество.

Нашите истражувања се базираат на холистички пристап и ги опфаќаат граѓанските, политичките, економските, социјалните, културните и колективните човекови права. Земајќи во предвид дека човековите права се од големо значење за сите сфери од човековиот живот, истражувачкиот пристап во ова поле треба да биде повеќе димензионален и интер дисциплинарен.

Нашите истражувачки методи се темелат на принципите на зајакнување и еднаквост на сите човечки суштества како и учество на сите засегнати страни.
Нашата работа ја поврзува теоријата со пракса. Резултатите од нашите истражувања создаваат основа за работа во полето на советување, имплементација, мониторинг, образование и универзитетски предавања.

Од 2006-та година, Институтот за човркови права "Лудвиг Болцман" (БИМ) е присутен во Република Македонија со канцеларија во Скопје и работи на имплементирање на проекти на полето на социјална инклузија, човекови права и намалување на сиромаштија.

**За Австриската соработка за развој (ADC)**
**http://www.entwicklung.at/**

Австриската соработка за развој е дел од австриската надворешна политика и од развојната политика на Европската Унија, која има за цел да го промовира светскиот мир во соработка со други индустријализирани земји и земји во развој. Австриската агенција за развој (АДА) претставува оперативна единица на Австриската соработка за развој и соработката со Источна Европа.

Австриската развојна политика е водена од следниве цели:
1. Борба против сиромаштија во земјите во развој преку унапредување на економскиот и социјалниот развој низ процес на одржлива економска активност и економски раст комбиниран со структурни, институционални и социјални промени.
2. Обезбедување мир и безбедност за луѓето, особено преку унапредување на демократијата, владеењето на правото, човековите права и доброто управување.
3. Заштита на животната средина и на природните ресурси како основа за одржлив развој.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- A Human Rights Approach to Poverty Reduction Strategies, UN Office of the High Commissioner on Human Rights, 2002
- UN Philippine: RBA to Development Programming – Training Manual, July 2002.
- UNESCO's Response, Human Rights-Based Approach to Programming, 2005.
- CARE Human Rights Initiative, Basic Introduction to Human Rights and Rights Based Programming, Facilitators' Guidebook.
- Human Rights in the context of UN Reform, (ppt. file), June 2007.
- Save the Children, Child Rights Situation Analysis, July 2008.
- Joachim, Promoting rights-based approaches experiences and ideas from Asia and the Pacific, Save the Children, Sweden, THEIS, 2004.
- HRBA to Programming, Facilitation Guide, OHCHR, 2007.
- IHRNA – HRBA to Development, www.ihrn.org.
- UNDAF, Tool for UNCTs: Human Rights Based Analytical Tools for a Common Country Assessment, February, 2006.
- GTZ Eschborn, Documentation: Human Rights Based Approaches in Development Cooperation Workshop for Consultants, Facilitators and Advisors, September, 2008.
- ActionAid, Human Rights Based Approaches and the European Union Development Aid Policies, 2008
- Aanchal Kapur and Nata Duvvury, ICRW, A right based approach to realizing economic and social rights of poor and marginalized women, 2006.
- Raul Wallenberg Institute, HRBA to Development.
- AM Ireland, Our Rights, Our Future Human Rights Based Approaches in Ireland: Principles, Policies and Practice.
- Methodology and Tools for Human Rights Based Assessment and Analysis; Rights Based Municipal Assessment and Planning Project, 2004.
- Manfred Novak, Human Rights and Poverty Reduction,. Conceptual Framework, OHCHR, 2004.
- Urban Jonsson, HRA to Development Programming, UNICEF, April 2003.
- Urban Jonsson, A Human Rights-Based Approach to Development, Experiences, Issues and Challenges, RWI Conference, 16 September 2008, Lund, Sweden.
- Jakob Kirkemann and Tomas Martin, Applying HRBA, an inspirational guide for civil society, 2007.
- Nyamu-Musembi and Andrea Cornwall, 'What is the "rights-based approach" all about? Perspectives from international development agencies' Institute of Development Studies, IDS Working Paper 234, Sussex, 2004.
- Malcolm Malone and Deryke Belshaw, HRBA to Development, Transformation, April, 2003.

- Hisayo Katsui, Negotiating the Human Rights-Based Approach and the Charity-Based Approach in Development Cooperation Activities: Experiences of Deaf Women in Uganda, 2008.
- Robert Nash, Alan Hudson, and Cecilia Luttrell, Mapping the Political Context, A toolkit for civil society organization, July 2006.
- William O'Neil CCA/UNDAF and RBA study, HURIST, November, 2004.
- International and national human rights related legal and policy framework in anti poverty and social inclusion field, BIM 2010.
- На патот кон ЕУ: Придонес на граѓанскиот сектор во воспоставувањето политика на социјално вклучување во Република Македонија, 2008.

## ВЕБ СТРАНИ

- http://hrbaportal.org/
- http://www.undg.org/index.cfm?P=221
- http://www.undg.org/index.cfm?P=531
- http://www.unescobkk.org/en/education/appeal/programme-themes/lessons-learned-project/hrba-links/hrba-links/introduction/
- http://www.unescobkk.org/en/education/appeal/programme-themes/lessons-learned-project/hrba-links/hrba-links/general-documents/
- http://www.ohchr.org/EN/Pages/WelcomePage.aspx
- http://www.unicef.org/rightsresults/index.html
- http://www.unfpa.org/rights/approaches.htm
- http://www1.umn.edu/humanrts/
- http://www.amnesty.ie/





МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА
ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА